ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

[redacted]

Бр. 18 - 225/1
Дата: 17.06.20

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарс и водостопанство
Управа за семе и саден материјал
Аминта Трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3226 417
Факс: (02) 3226 417
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 59 став (1) член 60 став (1) и член 61 став (1) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14)) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 58/00, 44/02, 82/08) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање на јавно овластување

1. Правното лице **Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Земјоделски институт –Скопје** ги исполнува условите за вршење на стручна конотрола над производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на видови на сорти и испитување на квалитетот на семенски и саден материјал за земјоделски растенија.
2. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го овластување правното лице **Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Земјоделски институт – Скопје** за:
   - вршење на стручна контрола на производството на семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
   - вршење постконтрола на семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
   - испитување сорти на семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
   - испитување на квалитетот на семенскиот и садниот материјал во акредитирани лаборатории.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
4. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со бр. 18-1314/6 од 28.01.2010 година

### Образложение

Вр основа на член 59 став (6) и член 60 став (5) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија„ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира работна група за распишување на јавен конкурс со решение бр.18-3/1 од 08.01.2015 година за давање на јавни овластувања за вршење на стручна контрола над производството, постконтрола, испитување на сорти, овластени правни лица и овластени лаборатории на семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Земјоделски институт – Скопје ги исполнува условите за јавни овластувања наведени во јавниот конкурс објавен во јавните гласила на 03.03.2015 година и согласно на поднесените документи кои се разгледани на ден 21.04.2015 година, комисијата утврди дека ги исполнува условите за донесување на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, а согласно член 61 став 2 и 3 може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Жалбата не го одлага извршување на решението.

МИНИСТЕР,
м-р Михаил Цветков

Доставено до:

- Архива
- Евиденција
- Именуваните

Изработил: Ирфан Аземов
Одобрил: Нефрус Челику

Согласен: м-р Менсур Камбери
ДИРЕКТОР,